# ПЛАН НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Институтот за национална историја е јавна научна установа која од своето основање во 1948 година е првата специјализирана научна иституција од областа на историската наука. Институтот денеска е една од водечките институции од областа на историската наука во образованието и науката во Република Северна Македонија. Институтот врши фунадаментална научноистражувачка дејност како и наставна дејност на студии од втор и трет циклус. При реализирањето за дејноста покрај запазувањето на високите критериуми за наставно-научната дејност, Институтот се стреми кон унапредување на човечките права и слободи, унапредување на состојбата на родовата еднаквост во согласност со меѓународните стандарди, препораки и обврски, препознавајќи дека родовата еднаквост е еден од клучните аспекти за просперитет на целото општество. Институтот за национална историја во целост се стреми да одговори на новите можности за истражување, примена на знаењето и развој почитувајќи ја Декларацијата за посветеност кон Европската повелба за истражувачите.

Во Република Северна Македонија прашањата за родова еднаквост на ниво на законодавство се регулираат на две нивоа: со посебен Закон за еднакви можности на жените и мажите и со вклучување на родот преку посебни мерки и одредби во други закони.

Законот за еднакви можности на жените и мажите (првпат усвоен во 2006, а изменет во 2012 година) ја дава главната правна рамка со која се регулираат прашањата за родовата еднаквост.

Во 2020 година донесен е Законот за спречување и заштита од дискриминација каде се додадени родовиот идентитет и сексуалната ориентација како основ за дискриминацијата.

Покрај овие закони родовата еднаквост се регулира и со: Законот за социјална заштита, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, Законот за семејство, Изборниот законик, Законот за работни односи, Законот за минимална плата, Законот за основно образование.

Планот за постигнување на родова еднаквост во ЈНУ Институт за национална историја е донесен врз основа на постоечките правни акти во Република Северна Македонија:

-Уставот на Република Северна Македонија,

-Законот за спречување и заштита од дискриминација („Сл.весник на РМ“ бр. 258/2020),

-Законот за еднакви можности на жените и мажите („Сл.весник на РМ“ бр. 6/2012),

-Законот за работните односи („Сл.весник на РМ“ бр. 74/2015),

-Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за едно општество и интеркултурализам 2020-2022

-Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за образование 2018-2025,

-Националната стратегија за родова еднаквост 2013-2020.

**Цели**

Главна цел на Планот на ЈНУ Институт за национална историја за родова еднаквост е развој на процесот за родова еднаквост на сите нивоа на делување во Институтот преку:

-промовирање на родовата еднаквост во сите сегменти од работата на Институтот,

- подигнување на свеста за родовата еднаквост во органите и телата на Институтот,

-родова еднаквост-исти можности за студирање на вториот и третиот циклус на студии,

-прибирање на статистички податоци кои ќе придонесат во развојот на процесот на родова еднаквост на ниво на високото образование и науката.

**Мерки**

-Континуирана помоција на родовата еднаквост,

-Водење на грижа за еднакви можности за родова еднаквост во Советот на Институтот, Советите на студиските програми, Научниот совет.

-Со цел да се овозможат статистички показатели за родовата застапеност при вработувањето, студирањето, можноста за стипендирање, да се води статистичка едвиденција за родовата застапеност која ќе послужи за примаена на натамошна родова еднаквост.

**Оперативен план**

| Цел | Активност | Одговорност | Резултат | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| Помовирање на родовата еднаквост во процесот на одлучување и донесување на одлуки во органите и телата на Институтот во согласност со постоечките законски прописи | Активности за подигање на свеста за родовта еднаквост | Совет на ЈНУ Институт за национална историја, директор на Институт за национална историја | Повисок степен на свест меѓу вработените за родова застапеност | 2021-2022 |
| Предлагање на норми кои се однесуваат на родовата еднаквост во високото образование и науката | Предлагање на измени во Законот за високото образование и Законот за научно-истражувачка дејност кои се однесуваат на конкретни норми за родова еднаквост | Совет на ЈНУ Институт за национална историја | Нормирање на родовата еднаквост во lex specialis законите | 1.11.2021-31.12.2022 |
| Предлагање на норми за родова еднаквост во Советот на Институтот | Предлог-измени во актите на Институтот | Директор на ЈНУ Институт за национална историја | Родова еднаквост во Советот на ЈНУ Институт за национална историја | 1.11.2021-31.12.2022 |
| Собирање на податоци за родовиот состав на | Воспоставување на систем на редовно собирање на | Сектор за општи, правни и | Создавање на база на податоци | континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Советот на Институтот, | интерни статистички податоци | стручни работи | | |
| Собирање на податоци за родовиот состав на запишаните студенти и траење на студиите | Восопставување на систем на редовно собирање на интерни статистички податоци | Сектор за општи, правни и стручни работи | Создавање на база на податоци | континуирано |

**Мониторинг**

Планот за родова еднаквост на ЈНУ Институт за национална историја ќе биде следен и подложен на евалуација, од страна на Советот на ЈНУ Институт за национална историја со обврска еднаш годишно да се објавува извештај за постигнатите резултати.